# РЕПУБЛИКА С.МАКЕДОНИЈА
# ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

Ул.Плоштад Маршал Тито бб - Кавадарци
Тел/Факс.043/416-130
www.kavadarci.gov.mk; opshtina@kavadarci.gov.mk


# СТРАТЕШКИ ПЛАН

## НА ЕДИНИЦАТА ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА
## ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
## ЗА ПЕРИОД ОД 2021-2023 ГОДИНА

**Кавадарци, декември 2020 година**

**Содржина**

I. ВОВЕД
1.1. Преглед
1.2. Организациска структура и обем на работа на внатрешната ревизија
II. ПРЕГЛЕД НА ЦЕЛИТЕ И ПРИОРИТЕТИТЕ НА ИНСТИТУЦИЈАТА
2.1. Цели и приоритети на институцијата и институциите во надлежност
2.2. Очекувани промени во институцијата и институциите во надлежност
2.3. Состојба на системот за финансиско управување и контрола
III. ЦЕЛИ ЗА ЕДИНИЦИ ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА
IV. ПОТЕНЦИЈАЛНИ ОБЛАСТИ НА РЕВИЗИЈА
V. ПРОЦЕНКА НА РИЗИК
5.1. Пристап до проценка на ризик
5.2. Фактори на ризик
5.3. Резултати од проценката на ризик за целите на стратешко планирање
VI. ПРИОРИТЕТИ ЗА РЕВИДИРАЊЕ ВО ПЕРИОДОТ
6.1. Врската на приоритетни области за ревизија со спроведената анализа
6.2. Листа на приоритетни области за ревидирање со распоред за ревидирање
VII. Кадровски потреби на единицата за внатрешна ревизија
VIII. АЖУРИРАЊЕ НА СТРАТЕШКИОТ ПЛАН И ВРСКАТА СО ГОДИШНИОТ ПЛАН
IX. ЗАКЛУЧОК

## I. ВОВЕД

### 1.1. Преглед

Овој Стратешки план ги содржи најважните цели, приоритети и активности на внатрешната ревизија во општина Кавадарци за периодот **2021-2023** година.

Целите и активностите на внатрешната ревизија се во согласност со целите и приоритетите на општина Кавадарци и институциите во надлежност за кои се врши внатрешна ревизија, а кои се вклучени во плановите и програмите на општината и програмите за развој од буџетот на општината, кои претставуваат среднорочно планирање на развојните инвестиции и се однесуваат за периодот од наредните три години.

Стратешкиот план се базира на проценка на ризикот и е во согласност со Правилникот за начинот на извршување на внатрешната ревизија и начинот на известување за ревизијата („Службен весник на Република Македонија“ број 136/2010), Меѓународните стандарди за професионално извршување на внатрешната ревизија („Службен весник на Република Македонија“ број 113/2014), како и Насоките за подготовка на стратешки и годишен план за внатрешна ревизија објавени на веб страната на Министерството за финансии.

Стратешкиот план се однесува за период 2021-2023 година и претставува ажурирана верзија на претходниот Стратешки план за периодот 2020-2022 година. Стратешкиот план се разгледува и ажурира секоја година за да ги одрази значајните промени кои доаѓаат во однос на целите, приоритетите и активностите на општината и институциите во надлежност како и резултатите од спроведената проценка на ризикот.

### 1.2. Организациска структура и опфат на работа на внатрешната ревизија

Внатрешната ревизија е независна активност на давање објективно уверување и совет, воспоставена со цел да придонесе за зголемување на вредноста и подобрување на работењето на субјектот. Таа помага субјектот да ги исполни своите цели, применувајќи систематски, дисциплиниран пристап за процена и подобрување на ефективноста во процесите на управување со ризикот, контролата и управувањето.

Единицата за внатрешна ревизија основана во општина Кавадарци, врши функција на внатрешна ревизија во општина Кавадарци и институциите во надлежност согласно листата која е содржана во Стратешкиот план.

Единицата за внатрешна ревизија е систематизирана како Одделение за внатрешна ревизија, формирано како посебно одделение под директна надлежност на Градоначалникот на општина Кавадарци. Согласно Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на општина Кавадарци со архивски број 04-6196/3 од 28.11.2019 година, во одделението за внатрешна ревизија предвидени се двајца извршители и тоа Раководител на одделението и Помлад соработник - Внатрешен ревизор, од кои пополнето е само едно работно место и тоа Помлад соработник-Внатрешен ревизор, кој е вработен во текот на 2018 година.

Одделението за внатрешна ревизија е организациски и функционално независно и директно е одговорно на Градоначалникот на општина Кавадарци. Функционалната независност на Одделението за внатрешна ревизија се обезбедува преку неговата независност од другите организациски делови во општината во планирањето на работата, извршувањето на внатрешната ревизија и известувањето.

Внатрешниот ревизор е независен при извршување на внатрешната ревизија, која ја извршува стручно и професионално, применувајќи методологија заснована на

меѓународни стандарди за внатрешна ревизија, принципите и правилата за однесување утврдени со Етичкиот кодекс на внатрешни ревизори, како и насоките и упатствата од Министерот за финансии.

**Листа на институции кои се во надлежност на општина Кавадарци во кои се врши внатрешна ревизија се :**

- Јавно претпријатие за комунални работи „Комуналец“
- Друштво за производство на електрична енергија и услуги МХЕЦ „Лукар“
- Јавно претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинг“
- Јавно претпријатие за стопанисување со спортски објекти „Мито Хаџивасилев Јасмин“
- Локален музеј - Галерија Кавадарци
- ЈОУ Библиотека „Феткин“
- ЈОУ Дом на култура „Иван Мазов-Климе“
- СОУ Гимназија „Добри Даскалов“
- СОЗШУ „Ѓорче Петров“
- СОУ „Киро Спанџов Брко“
- ООУ „Димката Ангелов Габерот“-Кавадарци
- ООУ „Димката Ангелов Габерот“-Ваташа
- ООУ „Гоце Делчев“
- ООУ „Тошо Велков Пепето“
- ООУ „Тоде Хаџи-Тефов“
- ООУ „Страшо Пинџур“
- ООМБУ „Лазо Мицев Рале“
- ЈОУДГ „Рада Поцева“

ЕВР спроведува внатрешна ревизија во субјектот од јавниот сектор, единките корисници и нивните програми, активности и процеси.

## II. ПРЕГЛЕД НА ЦЕЛИТЕ И ПРИОРИТЕТИТЕ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

Стратешкиот план на ЕВР за периодот 2021-2023 е изготвен врз основа извршен преглед на целите и приоритетите на општина Кавадарци и институциите во надлежност на општината вклучувајќи ја и состојбата на развиеноста на системот за финансиско управување и контрола. Прегледот се заснова на информациите собрани преку :

- анализа на стратешките документи;
- анализа на програмите содржани во буџетот или финансискиот план за периодот за кој се донесува овој Стратешки план;
- состаноци и разговори со одговорните лица на субјектите од надлежост на општината и Градоначалникот на општина Кавадарци;
- резултати од анализата на друга документација што е јавно достапна или од други извори и

- анализа на документацијата во врска со состојбата на системот на внатрешна контрола.

## 2.1. Цели и приоритети на општина Кавадарци и институциите во надлежност на Општина Кавадарци

Стратешката цел на општина Кавадарци е да прерасне во модерна урбана заедница со повисок стандард на живеење и подобрување на квалитетот во инфраструктурната база на градот. Оваа цел може да се реализира преку:

- создавање на услови за задржување и истакнување на успешни сограѓани и зголемување на успехот на младите во родниот крај;
- квалитетна и функционална инфраструктура, како и поволна економска клима за привлекување на бизнис заедницата;
- проекти за обновување и изградба на нови градинки, реконструкција на училишта и подобрување на условите во истите;
- проекти за обновување и изградба на нови спортски сали во основните и средни училишта во општината;
- организирање на големи културни манифестации со што се привлекуваат голем број на туристи;
- унапредување на винскиот туризам;
- урбанизирани паркови и зелени површини околу станбените згради, односно надминување на законски утврдениот минимум од 25 $м^2$ зелена површина по жител;
- реконструкции и санации на застарени водоводни и канализациони линии;
- реконструкција на фасадите во централното градско подрачје за урбан изглед на градот со што ќе се подобри и енергетската ефикасност и комфорт на граѓаните;
- како и други мерки и активности за зачувување на животната средина во Општина Кавадарци и испорака на услуги кон граѓаните со висок квалитет преку правните субјекти и јавните установи чиј основач е општината.

Општина Кавадарци има донесено Стратегија за локален економоски развој на општината за период од 2015-2020 година, кој се однесува на одржливиот развој и функционирање на општината и ги опфаќа сите значајни прашања на локалната заедница, вклучувајќи и прашања за економскиот развој, социјална инклузија, заштита на животната средина итн. Исто така, општина Кавадарци има донесено и програми за развој кои претставуваат составен дел од буџетот за 2021 година и претставуваат среднорочно планирање на развојните инвестиции на општината.

Оваа година Програмите за развој за 2021 година на општина Кавадарци се однесуваат на развојните програми на училиштата и институциите кои се во надлежност на општината и тоа како што следи:

| Ред бр. | Цели на развојната програма | Равојна програма | Вкупна вредност на проектот | План за 2021 година | Проекција за 2021 година |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Заштита на училишниот двор од несакано влегување на луѓе и стока . Зголемување на безбедноста на учениците и вработените. Подобрување на естетскиот изглед на училишниот двор | Оградување и уредување на училишниот двор во СОУ Киро Спанџов-Брко Кавадарци | 1.600.000,00 денари | 1.600.000,00 денари | |
| 2 | Библиотеката многу често се соочува со поплавување на депото во подрумскиот дел, а кој настанува од затнување канализационата мрежа на целата зграда.Бидејќи се користи приземјето од оваа зграда, библиотеката се соочува со овој проблем и го санира | Поставување на одводна и вентилациона мрежа во подрумските простории-депо во ЈОУ Библиотека „Феткин“ - Кавадарци | 200.000,00 денари | 200.000,00 денари | |
| 3 | Подобрување на условите за работа и престој во училиштето за учениците и вработените . Лед светилките се еколошки и безопасни за околината во споредба со постојните флуоросцентни. | Замена на внатрешно и надворешно осветлување во училиштето со лед светилки во СОУ Киро Спанџов-Брко Кавадарци | 2.000.000,00 денари | 2.000.000,00 денари | |
| 4. | Едносменска работа- | Надградба на три училници | 6.500.000,00 | 3.500.000,00 | 3.000.000,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | поквалитетна настава, заштеда на топлинска и електрична енергија, намалување на трошоците за одржување, подобрена хигиена,... | на постојниот објект во СОУ Киро Спанџов-Брко Кавадарци | денари | денари | денари |
| 5. | Подобрување на условите за практична настава, можност за отварање на нови струки(Сообракајна струка) | Изградба на автодром и уредување на училишниот двор од северна и западна страна во СОУ Киро Спанџов-Брко Кавадарци | 10.500.000,00 денари | 5.250.000,00 денари | 5.250.000,00 денари |
| 6. | Целта на оваа реконстукција е Домот на култура да се стекне со нова сцена каде може да се реализираат дел од активностите кои се опфатени во програмата за работа на отворено. | Поправка и поплочување на двор - летна сцена во ЈОУ Дом на култура „Иван Мазов - Климе“ - Кавадарци | 200.000,00 денари | 200.000,00 денари | |
| 7. | Заштита на училиштето од временски ,атмосферски влијанија, подобрување на естетски изглед и зголемување на безбедноста и здравјето на учениците и вработените. Зголемување на енергетската ефикасност на училиштето. | Реконструкција на кров на ООУ„Тошо Велков-Пепето“ - Кавадарци | 8.738.493,00 денари | 8.738.493,00 денари | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 8. | ЈОУ Дом на култура „Иван Мазов - Климе“ ќе се здобие со своја кино сала и сопствена опрема со која ќе се надмине потребата од изнајмување на опрема за кино проекција како и неизвесноста во однос на времетраењето на изнајмената опрема, а со тоа и на целокупната кино проекцијата во Општина Кавадарци. | Купување видео опрема за 2Д Кино Проекција во ЈОУ Дом на култура „Иван Мазов - Климе“ - Кавадарци | 3.000.000,00 денари | 3.000.000,00 денари | |
| 9. | Со усовременувањето на објектот би се заштедило на електрична енергија, би се овозможил слободен пристап и еднаквост на сите посетители, а со доградбата би се овозможило Локален Музеј галерија Кавадарци да може да направи повеќе посебни депоа каде би можеле да бидат поставени повеќе постојани поставки кои Локален Музеј галерија Кавадарци ги | Реконструкција на Музеј – Галерија во општина Кавадарци | 2.500.000,00 денари | 2.500.000, 00 денари | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | поседува а моментално не се изложени . | | | | |
| 10. | Подобрување на условите за работа на учениците и вработените и заштита на училишниот имот. | Реконструкција на училишниот двор во централното училиште-Кавадарци со асфалтирање ,бетонирање и уредување на истото за спортско игралиште и уредување на дворот пред влезот на доградбата за учениците од прво одделение во ООУ „Димката Ангелов Габерот“ Кавадарци како и реконструкција и оградување на училишниот двор во ООУ „Димката Ангелов Габерот“ во с.Сопот. | 3.000.000,00 денари | 3.000.000,00 денари | |
| 11. | Со изградбата на Фискултурната сала во училиштето ќе има непречено одвивање на наставата по физичко образование, за која нема воопшто услови за одржување во време на зимскиот период и врнежливите или многу жешки денови во текот на учебната | Изградба на Фискултурна сала и Изработка на цокле на училишната зграда во ООУ„Димката А. -Габерот“-с.Ваташа | 15.368.750,00 денари | 1.000.000,00 денари | 5.368.750,00 денари |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | година. Како и заштита на училиштето од временски -атмосферски влијанија, а воедно и заштеда на енергија | | | | |
| 12. | Зачувување на здравјето на учениците и подобрување на хигиената | Реконструкција на санитарните јазли наменети за учениците во продолжен престој во ООУ „Гоце Делчев“ Кавадарци | 475.422,00 денари | 475.422,00 денари | |
| 13. | Задоволување на стандарди и директиви за подобрени услови на работа на учениците со ПОП | Купување на опрема - набавка на лифт за ученици со ПОП во ООУ „Страшо Пинџур“ Кавадарци | 752.755,00 денари | 752.755,00 денари | |
| 14. | Задоволување на стандарди и директиви за уреден изглед во интернат во с. Дреново и подобрени услови на работа | Реконструкција на објекти - поплочување на двор со бекатон плочки во с.Дреново во интернат во ООУ „Страшо Пинџур“ | 180.000,00 денари | 180.000,00 денари | |
| 15. | Задоволување на стандарди и директиви за уреден изглед во интернат во с. Дреново и подобрени услови на работа | Реконструкција на објекти - внатрешна реконструкција на тавани, ѕидови, поплочување, електрика, надворешна реконструкција, фасада, двор и ограда во с. Дреново интернат во ООУ „Страшо Пинџур“ | 3.180.000,00 денари | 3.180.000,00 денари | |
| 16. | Задоволување на стандарди и | Реконструкција на објекти - кров, фасада, | 3.760.000,00 денари | 3.760.000,00 денари | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | директиви за уреден изглед на училиштето во с.Возарци и подобрени услови на работа | градежно занаетчиски работи и инвентар во ООУ „Страшо Пинџур“ с.Возарци | | | |
| 17. | Задоволувањ е на стандарди и директиви за уреден изглед на училиштето во с.Дреново и подобрени услови на работа | Реконструкциј а на објекти - оградување, поплочување на дворот со бекатон, фасада, инвентар и нагледни средства во ООУ„Страшо Пинџур“ с. Дреново | 2.083.000,00 денари | 2.083.000,00 денари | |
| 18. | Задоволувањ е на стандарди и директиви за уреден изглед на училиштето и подобрени услови на работа | Реконструкциј а на објекти - промена на внатрешни врати во сите објекти во Кавадарци во ООУ „Страшо Пинџур“ | 620.000,00 денари | 620.000,00 денари | |
| 19. | Задоволувањ е на стандарди и директиви за уреден изглед на училишниот двор во централното градско подрачје и подобрени услови на работа | Реконструкциј а на објекти - реконстурција на училишниот двор во ООУ „Страшо Пинџур“ Кавадарци | 1.300.000,00 денари | 1.300.000,00 денари | |
| 20. | Задоволувањ е на стандарди и директиви за уреден изглед на вц јазлите во централното училиште и подобрени услови на работа | Реконструкциј а на објекти - реновирање на вц јазлите во ООУ „Страшо Пинџур“ Кавадарци | 3.110.400,00 денари | 3.110.400,00 денари | |
| 21. | Задоволувањ е на стандарди и | Реконструкциј а на објекти - фасада на | 1.380.000,00 денари | 1.380.000,00 денари | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | директиви за уреден изглед на централното училиште и подобрени услови на работа | трите згради на ООУ„Страшо Пинџур“ Кавадарци | | | |
| 22. | Подобрување на условите за учење на учениците, подобрување на квалитетот на наставата, подобрување на енергетската ефикасност. | Реконструкција на училишен простор во СОУ Гимназија"Добри Даскалов" Кавадарци | 800.000,00 денари | 800.000,00 денари | |
| 23. | Подобрување на условите за учење на учениците, подобрување на квалитетот на наставата по спорт и спортски активности. | Изградба на БАЛОН сала во СОУ Гимназија"Добри Даскалов" Кавадарци | 1.500.000,00 денари | 1.500.000,00 денари | |
| 24. | Подобрување на условите за учење на учениците, подобрување на квалитетот на наставата . | Уредување на училишен двор и спортски терени во СОУ Гимназија"Добри Даскалов" Кавадарци | 800.000,00 денари | 800.000,00 денари | |
| 25. | Подобрување на условите за работа за изведување на воспитно-образовниот процес преку добивање на нов простор за едносменска настава поради зголемен број на ученици | Реконструкција на училница за добивање на нов простор во СОЗШУ „Ѓорче Петров“ Кавадарци | 300.000,00 денари | 300.000,00 денари | |
| 26. | Зголемување на безбедноста на учениците и вработените | Изградба на бетонско метална заштитна ограда во СОЗШУ | 850.000,00 денари | 850.000,00 денари | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | како и означување заштита на имотот на училиштето | „Ѓорче Петров“ Кавадарци | | | |
| 27. | Подобрување на техничко санитарните условите за изведување на настава по спорт и спортскиактивности.Заштеда на енергија и заштита од прокиснување. | Реконструкција на спортска сала и соблекувални во СОУ Киро Спанџов-Брко Кавадарци | 2.500.000,00 денари | 2.500.000,00 денари | |
| 28. | Цел на програмата за енергетска ефикасност на ЈОУДГ Рада Поцева-Кавадарци ќе биде намалување на потрошувачката на енергија во сите објекти. Со замена на постоечките прозори со ПВЦ, ќе се намали потрошувачката на нафта, надворешната бучава и можност за нормално одржување на температурата во установата. Исто така ќе се обезбедат оптимални услови за престој на децата во градинка и подобри услови за реализација на воспитно-образовниот и згрижувачки процес. | Поставување на ПВЦ прозори и врати во ЈОУДГ „Рада Поцева“ Кавадарци | 1.500.000,00 денари | 1.500.000,00 денари | |

## 2.2. Очекувани промени во Општина Кавадарци и институциите во надлежност

Визијата на општина Кавадарци е да биде општина со висок квалитет на живот за своите граѓани, со стабилна и напредувачка економија, современа инфраструктура, богата културно-спортска понуда, високо квалитетни здравствени услуги и среќни и безбедни граѓани.

Општина Кавадарци планира да реализира неколку капитални инвестиции, кои ќе овозможат да се подобри патната инфраструктура во општина Кавадарци со тоа што ќе се спроведе реконструкција на локални патишта, како и реконструкција на атмосферска и фекална канализација на повеќе локации во градот како и во неколку околни села.

Во наредната година, општина Кавадарци планира да изгради нов градски пазар.

Од областа на образованието, општината планира да изгради две спортски сали во две основни училишта со што би се подобриле условите во основните училишта и изградба на нова детска градинка со што ќе се реши долгогодишниот проблем со тоа што ќе се обезбеди место за сите дечиња од предучилишна возраст.

## 2.3. Состојба на системот на финансиско управување и контрола.

Од страна на Државниот завод за ревизија во текот на 2017 година е извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2016 година кај Општина Кавадарци за сметка на основен буџет (630), сметка на основен буџет (637) и сметка на приходи на буџет на дотации (937) и има издадено соодветни мислења и дадено препораки за подобрување на системот на финансиско управување и контрола. Од страна на Градоначалникот на општина Кавадарци и вработените во општинската администрација, постапено е по сите препораки кои се дадени од страна на Државниот завод за ревизија, освен за препораката за склучување на колективен договор на ниво на работодавач, согласно законот и важечките колективни договори кои се однесуваат на локалната самоуправа.

Во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи со ревизија на усогласеност на сметка на приходи на буџет на дотации (930) на општина Кавадарци за 2008 година се дадени две препораки, по кои не е постапено.

За утврдените состојби содржани во ревизорскиот извештај, за сметка на приходи на буџет на дотации (930) дадени се следните препораки:

- За целосно и навремено реализирање на програмските активности и финасиските планови на корисниците да се подобри комуникацијата помеѓу одговорните лица во единицата на локалната самоуправа, корисниците на наменски и блок дотации и надлежните министерства;
- Советот на општина Кавадарци да донесе пишани критериуми за распределба на средствата од блок дотациите, со цел да се обезбеди транспарентност и еднаков третман на корисниците во распределбата.

Советот на општина Кавадарци, сеуште нема донесено пишани критериуми за распределба на средствата од блок дотациите и истата се врши според историски податоци и во предвид се зема големината на училиштето како и дали истото има подрачно училиште во некое од околните села.

Внатрешниот ревизор на општина Кавадарци нема вршено ревизија на успешност на ефективноста и ефикасноста на системот на финансиско управување и контрола, поради тоа што истиот е вработен во Одделението за внатрешна ревизија во општина Кавадарци од 01.09.2018 година.

Во текот на 2020 година, поради тоа што се наоѓаме во светска здравствена криза предизвикана од COVID-19, од страна на ревизорот извршени се ревизии во Одделението за администрирање на локални даноци и такси во општина Кавадарци како и во ООУ„Гоце Делчев“ Кавадарци, за кои се дадени соодветни препораки а како резултат на истите извршено е соодветно постапување кое има за цел подобрување на контролното опкружување во работењето на општина Кавадарци.

## III. ЦЕЛИ НА ЕДИНИЦИТЕ ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА

Главна цел на Одделението за внатрешна ревизија на општина Кавадарци е на Градоначалникот на општина Кавадарци да му обезбеди независно и објективно оценување, со цел подобрување на работењето на општината, јавните претпријатија и јавните установи основани од општината и зголемување на ефективноста на системите за внатрешна контрола. Исто така, таа на Градоначалникот на општината му обезбедува и разумно уверување и совет дека имплементираните системи за управување и контрола се соодветни, економични и се во согласност со општо прифатените стандарди, законските, подзаконските и интерните акти. Внатрешната ревизија му обезбедува на Градоначалникот на општината од анализи, препораки, совети и информации за активностите предмет на ревизија.

Земајќи ги предвид целите и приоритетите на општина Кавадарци и јавните претпријатија и јавните установи во надлежност на општината и степенот на развиеност на финансиското управување и контрола, внатрешната ревизија во наредниот тригодишен период планира да спроведе активности кои ќе придонесат за:

- усогласеност со правилата и прописите за отчетност;
- имплементираните системи за управување и контрола и воспоставување на соодветни, економични и во согласност со општо прифатените стандарди и националното законодавство интерни контроли;
- придонес кон подобрување на работењето на сите институции во надлежност на општината;
- зајакнување на контролата за спроведување на препораките по утврдените состојби од извршените ревизии;
- подобрување на работењето на ревидираните субјекти;
- зајакнување на системот на контроли во областа на наплата на приходите по разни основи;
- зголемена транспарентност, отчетност и одговорност во работењето на општината, јавните претпријатија и јавните установи основани од општината;
- зголемена ефективност на внатрешната ревизија.

Работата на внатрешната ревизија генерално резултира со препораки за подобрување на системот на внатрешни контроли, а само со активна примена на овие контроли од страна на одговорните лица можно е да се остварат и мерливи ефекти од нивното спроведување.

Со цел искажување на мерливата додадена вредност на внатрешната ревизија, внатрешната ревизија ќе следи не само дали препораките се спроведени или не, туку ќе ги следи и ефектите од спроведувањето на препораките.

## IV. Потенцијални области на ревидирање

При утврдување на потенцијалните области за ревидирање, внатрешниот ревизор на општина Кавадарци ги користеше следните пристапи:

- проценка на ризиците и придонесот на ревизијата во областите предмет на ревизија;
- заштедата и обезбедување на заштита на средствата кои ги користи општината и јавните претпријатија основани од општината;
- комплетноста на приходите по одделни процеси и нивното значење за субјектите предмет на ревизија;
- значењето на дадените препораки во насока на подобрување на системот на внатрешни контроли и обезбедување на придонес за испорачување на квалитетни услуги на корисниците на истите (граѓаните и заинтересираните страни);
- утврдување на програми и капитални проекти кои се планира да се реализираат во текот на периодот опфатен со стратешкиот план;
- утврдување на основните функции во надлежност на општина Кавадарци и категоризација според нивната организациона структура;
- утврдување на листа на институции во надлежност на општината (на пр. јавни претпријатија, основни и средни училишта, детски градинки и сл.).

Потенцијални области на ревидирање, вклучувајќи ги и институциите во надлежност кои може да бидат предмет на ревизија се следните:

1. Процес на исплата на средства на здруженија на граѓани и спортски клубови од општина Кавадарци;
2. Процес на изготвување на финансиски извештаи во Музеј – Галерија во општина Кавадарци;
3. Процес на исплата на средства од сметките на СОЗШУ „Ѓорче Петров“ Кавадарци;
4. Процес на сметководствено евидентирање на настанатите трансакции во деловните книги во општина Кавадарци;
5. Процес на плаќање во општина Кавадарци;
6. Процес на изготвување на финансиските извештаи во општина Кавадарци;
7. Процес на донесување на буџетот во општина Кавадарци;
8. Процес на извршување на буџетот во општина Кавадарци;
9. Процес на пресметка и исплата на платите на вработените во општина Кавадарци;
10. Процес на благајничко работење во општина Кавадарци;
11. Процес на спроведување на постапките за јавните набавки во општина Кавадарци и следење на реализацијата на договорите за јавни набавки во општина Кавадарци;
12. Процес на вршење на попис на средствата и нивните извори во општина Кавадарци;
13. Процес на подготвување на седниците на Советот на општина Кавадарци;

14. Процес на архивско работење во општина Кавадарци;
15. Процес на одржување на возниот парк во општина Кавадарци;
16. Процес на легализација на бесправно изградените објекти во општина Кавадарци;
17. Процес на спроведување на постапките на експропријација на недвижен имот во општина Кавадарци;
18. Процес на отуѓување на градежно земјиште во општина Кавадарци;
19. Процес на донесување на урбанистичките планови во општина Кавадарци;
20. Процес на одржување на уличното осветлување во општина Кавадарци;
21. Процес на вработување во општина Кавадарци;
22. Администрирање на приходи во општина Кавадарци и наплата на побарувањата кои не се по основ на локални даноци и такси;
23. Процес на администрирање на приходи по основ на локални даноци и такси во општина Кавадарци;
24. Процес на администрирање на приход по основ на издавање на простор за реклами и закуп на имот сопственост на јавното претпријатие за стопанисување со спортски обејкти „Мито Хаџивасилев Јасмин“ Кавадарци;
25. Процес на наплата на побарувањата во Јавното претпријатие за комунални работи „Комуналец“ Кавадарци;
26. Процес на спроведување на постапките за јавни набавки во Јавното претпријатие за комунални работи „Комуналец“ Кавадарци;
27. Процес на пресметка и наплата на надоместокот за јавна чистота од страна на Јавно претпријатие за комунални дејности „Комуналец“ Кавадарци и пренесување на средствата на Буџетот на општина Кавадарци;
28. Процес на благајничко работење во СОУ Гимназија „Добри Даскалов“ Кавадарци;
29. Процес на администрирање на приходите по основ на издавање под закуп на имот во сопственост на СОУ Гимназија „Добри Даскалов“ Кавадарци;
30. Процес на изготвување на финансиски извештаи во СОУ Гимназија „Добри Даскалов“ Кавадарци;
31. Процес на изготвување на финансиски извештаи во СОЗШУ „Ѓорче Петров“ Кавадарци
32. Процес на исплата на средства од сметките на СОЗШУ „Ѓорче Петров“ Кавадарци;
33. Процес на администрирање на приходите по основ на издавање под закуп на имот во сопственост на СОЗШУ „Ѓорче Петров“ Кавадарци;
34. Процес на благајничко работење во СОУ „Киро Спанџов Брко“ Кавадарци;
35. Процес на изготвување на финансиски извештаи во СОУ „Киро Спанџов Брко“ Кавадарци;
36. Процес на пресметка и исплата на платите на вработените во СОУ „Киро Спанџов Брко“ Кавадарци;
37. Процес на благајничко работење во ООУ „Димката Ангелов Габерот“ Кавадарци;

38. Процес на администрирање на приходите по основ на издавање под закуп на имот во сопственост на ООУ „Димката Ангелов Габерот“ Кавадарци;
39. Процес на изготвување на финансиските извештаи во ООУ „Гоце Делчев“ Кавадарци;
40. Процес на администрирање на приходите по основ на издавање под закуп на имот во сопственост на ООУ „Гоце Делчев“ Кавадарци;
41. Набавки и плаќања / извршување на расходите на донаторската сметка во ООУ „Гоце Делчев“ Кавадарци;
42. Процес на изготвување на финансиските извештаи во ООУ „Тошо Велков Пепето“ Кавадарци;
43. Процес на администрирање на приходите по основ на издавање под закуп на имот во сопственост на ООУ „Тошо Велков Пепето“ Кавадарци;
44. Процес на благајничко работење во ООУ „Тоде Хаџи Тефов“ Кавадарци;
45. Процес на администрирање на приходите по основ на издавање под закуп на имот во сопственост на ООУ „Тоде Хаџи Тефов“ Кавадарци;
46. Процес на администрирање на приходи по основ на членарини во ЈОУ Библиотека „Феткин“ Кавадарци;
47. Процес на изготвување на финансиски извештаи во ООМБУ „Лазо Мицев Рале“ Кавадарци;
48. Процес на администрирање на приходите по основ на издавање под закуп на имот во сопственост на ЈОУ Дом на култура „Иван Мазов-Климе“ Кавадарци;
49. Процес на изготвување на финансиски извештаи во Дом на култура „Иван Мазов-Климе“ Кавадарци;
50. Процес на изготвување на финансиски извештаи во Музеј – Галерија во општина Кавадарци.

## V. ПРОЦЕНКА НА РИЗИК

### 5.1. Пристап во утврдувањето на ризикот

Ризиците се утврдени на ниво на потенцијални области на ревидирање. При нивното утврдување користени се следните извори на информации:

- Разговори со раководството и прибирање на информации за потешкотиите и проблемите на работењето;
- Анализи, согледувања и прибирање на информации за можни ризични подрачја;
- Анализа на извештаите од надворешната ревизија и извештаите од другите инспекциски служби;
- Функционална анализа на активности, програми, проекти и слично.

Согласно извршените анализи и утврдувања на ризиците, истите се категоризирани во следните видови на ризици:

- финансиски ризици;
- репутациски ризици;
- оперативни ризици;
- ризици на информационите системи;

- ризици во управувањето со имотот и
- регулаторни ризици.

### 5.2. Фактори на ризик

Факторите на ризик може да вклучуваат настани, околности, трендови кои се случуваат во работењето и слично, а кои влијаат на можноста на појава на ризици, односно ја зголемуваат веројатноста ризиците да се случат и нивните ефекти да се значајни. За потребите на проценка на ефектот/ влијанието и веројатноста од ризикот разгледувани се следните ризици :

- Финансиски ризици (намалување на наплатата на приходите по разни основи, недостиг на средства заради навремена исплата на обврските, зголемување на трошоците, зголемување на обврските );
- Оперативни ризици (недостаток на интерни акти и процедури за извршување на активностите и процесите во општината );
- Регулаторни ризици (чести промени во законската регулатива, неусогласени интерни акти со законските и подзаконските одредби);
- Ризици на информационите системи (недоволна заштитеност на податоците, неовластен пристап до софтверските апликации и базите на податоците и нивна злоупотреба);
- Ризици во управувањето со имотот;
- Репутациски ризици (губење на авторитет и углед кај граѓаните, губење на довербата од страна на заинтересираните страни како резултат на работни недостатоци, итн. ).

### 5.3. Резултати од проценката на ризикот за потребите на стратешкото планирање

За потребите на стратешкото планирање изработен е Ревизорски универзум во кој се опфатени клучните процеси, целите на истите, ризикот и нивното влијание и веројатност на настанување, при што се изврши рангирање на ризиците во процесите во општината, јавните претпријатија и јавните установи основани од општината.

Применувјки го наведениот пристап на проценка на ризик детално елабориран во Ревизорскиот универзум детектирани се клучните процеси кои ќе бидат предмет на понатамошно ревидирање во стратешкиот период.

| Р.бр. | Области на ревидирање | Ризици | Ниво на ризичност |
|---|---|---|---|
| 1. | Процес на исплата на средства на здруженија на граѓани и спортски клубови од општина Кавадарци | -ненаменско трошење на средства; | -висок |
| 2. | Процес на изготвување на финансиски извештаи во Музеј – Галерија во општина Кавадарци | -добивање на неверодостојна и нереална слика за состојбата на институцијата | -висок |
| 3. | Процес на исплата на средства од | -ненаменско | -Среден |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | сметките на СОЗШУ „Ѓорче Петров“ Кавадарци | трошење на средствата; | |
| 4. | Процес на пресметка и наплата на надоместокот за јавна чистота од страна на Јавно претпријатие за комунални дејности „Комуналец“ Кавадарци и пренесување на средствата на Буџетот на општина Кавадарци | -пресметката на надоместокот за јавна чистота да не биде во согласност со законската регулатива;<br>-нецелосна наплата на надоместокот за јавна чистота;<br>-нецелосно пренесување на надоместокот за јавна чистота на сметката на Буџетот на општина Кавадарци. | -Висок<br>-Висок<br>-Висок |
| 5. | Процес на администрирање на приходи по основ на закуп на имот во сопственост на ООУ „Димката Ангелов Габерот“ Кавадарци | -ненавремена и нецелосна наплата на приходите по основ на закуп на имот | -Среден |
| 6. | Процес на вршење на попис на средствата, побарувањата и обврските во Општина Кавадарци | -пописните листи односно фактичката состојба да не се усогласува со сметководствената евиденција;<br>-да не се придружува кон роковите за спроведување и усвојување на пописот;<br>-да не е одреден начинот за рсходување на опремата и ситниот инвентар и да не е донесен акт за расходување;<br>-при пресметка на амортизација на | -Висок<br>-Среден<br>-Висок<br>-Среден |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | долгорочните средства, да не се применуваат годишните стапки за отпис на долгорочните средства за буџетите и буџетските корисници. | |
| 7. | Процес на пресметка и исплата на плата на вработените во Општина Кавадарци | -грешки при внесот на параметрите за пресметка на плати;<br>-непридржување на законските прописи со кои е регулирана оваа материја. | -Висок<br>-Висок |
| 8. | Процес на изготвување на финансиски извештаи во ООУ „Тошо Велков Пепето“ Кавадарци | - добивање на неверодостојна и нереална слика за состојбата на институцијата | -Висок |
| 9. | Процес на изготвување на финансиски извештаи во ООМБУ „Лазо Мицев Рале“ Кавадарци | -добивање на неверодостојна и нереална слика за состојбата на јавната установа | -Висок |

## VI. ПРИОРИТЕТИ НА РЕВИДИРАЊЕТО ВО ПЕРИОДОТ ОД 2021 ДО 2023 ГОДИНА

Врз основа на извршените анализи за потребите од изработка на Стратешки план, проценетата ризичност на потенцијалните области на ревидирање и по извршената консултација со раководството, утврдени се приоритетните области предмет на ревидирање за периодот 2021-2023 година.

Имајки во предвид дека стратешкиот план подлежи на континуирано ажурирање во текот на годината, со самиот процес на ажурирање на истиот постои можност и потреба од ажурирање на областите/ процесите кои ке бидат предмет на ревизија во годините опфатени со стратешкиот план, но во директна корелација на степенот на оценка на ризиците во наведените области / процеси.

### 6.1. Врска помеѓу приоритетните области за ревидирање со спроведените анализи

*Табела 1: Врска на приоритетните области на ревизија со спроведените анализи и проценката на ризиците*

| **ПРИОРИТЕТНИ ОБЛАСТИ ЗА РЕВИДИРАЊЕ** | | ***ЛИНКОВИ/ВРСКИ*** | | | | | | | | ***ЦЕЛИ НА ВНАТРЕШНАТА РЕВИЗИЈА*** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Придонес на стратешките приоритети | Национална Програма за реформи | Финансиска значајност | Управување и користење на ЕУ средства | Наоди на надворешната ревизија (ДЗР, Ревизорско тело) | Ниво на ризичност | Барање на раководството | Останато | |
| **1.** | Процес на исплата на средства на здруженија на граѓани и спортски клубови од општина Кавадарци | **X** | | **X** | | | **високо** | **X** | | Да се добие уверување дека исплатените средства од општина Кавадарци на здруженија на граѓани и спортски клубови се трошат согласно утврдените намени. |
| **2.** | Процес на изготвување на финансиски извештаи во Музеј–Галерија во општина Кавадарци | **X** | | **X** | | | **високо** | **X** | | Да се добие уверување дека финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања и истите ја даваат реалната слика за состојбата на институцијата и дека работењето е согласно законската регулатива. |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **3.** | Процес на исплата на средства од сметките на СОЗШУ „Ѓорче Петров“ | **X** | | **X** | | | **средно** | **X** | | Да се добие уверување дека е извршено рационално и наменско трошење и исплата на средствата е врз основа на соодветна документација и точна сметководствена евиденција со примена на законски прописи и стандарди. |
| **4.** | Процес на пресметка и наплата на надоместокот за јавна чистота од страна на Јавно претпријатие за комунални дејности „Комуналец“ Кавадарци и пренесување на средствата на Буџетот на општина Кавадарци | **X** | | **X** | | | **високо** | **X** | | Да се добие уверување дека процесот на пресметка и наплата на надоместокот за јавна чистота од страна на Јавното претпријатие за комунални дејности „Комуналец“ Кавадарци е во согласност со законската регулатива и истиот е во целост пренесен на сметката на Буџетот на општина Кавадарци. |
| **5.** | Процес на администрирање на приход по основ на закуп на имот во сопственост на ООУ „Димката | **X** | | **X** | | | **средно** | **X** | | Да се добие уверување дека администрирањето на приходите по основ на закуп на имот е во согласност со законската регулатива. |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Ангелов Габерот“ Кавадарци | | | | | | | | | |
| **6.** | Процес на вршење на попис на средствата, побарувањата и обврските во општина Кавадарци | **X** | | **X** | | | **високо** | **X** | | Да се добие уверување дека пописот на средствата, побарувањата и обврските во општина Кавадарци се извршува согласно законската регулатива. |
| **7.** | Процес на пресметка и исплата на плата на вработените во општина Кавадарци | **X** | | **X** | | | **високо** | **X** | | Да се добие уверување дека постои правилна пресметка на плата согласно решенијата за плата и согласно законската регулатива. |
| **8.** | Процес на изготвување на финансиски извештаи во ООУ „Тошо Велков Пепето“ Кавадарци | **X** | | **X** | | | **високо** | **X** | | Да се добие уверување дека финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања и истите ја даваат реалната слика за состојбата на институцијата и дека работењето е согласно законската регулатива. |
| **9.** | Процес на изготвување на финансиски средства во ООМБУ „Лазо Мицев Рале“ | **X** | | **X** | | | **високо** | **X** | | Да се добие уверување дека финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања и истите ја даваат реалната слика за состојбата на |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Кавадарци | | | | | | | | | институцијата и дека работењето е согласно законската регулатива. |

### 6.2. Листата на приоритетни области за ревидирање со распоред на ревидирање

***Табела 2: Преглед на приоритетните области за ревидирање за периодот од 2020-2022 година***

| ПРИОРИТЕТНИ ОБЛАСТИ ЗА РЕВИДИРАЊЕ | | *2021 година* | *2022 година* | *2023 година* |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | Процес на исплата на средства на здруженија на граѓани и спортски клубови од општина Кавадарци | **X** | | |
| **2.** | Процес на изготвување на финансиски извештаи во Музеј – Галерија во општина Кавадарци | **X** | | |
| **3.** | Процес на исплата на средства од сметките на СОЗШУ „Ѓорче Петров“ Кавадарци | **X** | | |
| **4.** | Процес на пресметка и наплата на надоместок за јавна чистота од страна на Јавното претпријатие за комунални дејности „Комуналец“ Кавадарци и пренесување на средствата на Буџетот на општина Кавадарци | | **X** | |
| **5.** | Процес на администрирање на приходи по основ на закуп на имот во сопственост на ООУ„Димката Ангелов Габерот“ Кавадарци | | **X** | |
| **6.** | Процес на вршење на попис на средствата, побарувањата и обврските во Општина Кавадарци. | | **X** | |
| **7.** | Процес на пресметка и исплата на плата на вработените во Општина Кавадарци. | | | **X** |
| **8.** | Процес на изготвување на финансиски извештаи во ООУ „Тошо Велков Пепето“ Кавадарци | | | **X** |
| **9.** | Процес на изготвување на финансиски извештаи во ООМБУ „Лазо Мицев Рале“ Кавадарци | | | **X** |
| **ВКУПНО РЕВИЗИИ** | | **3** | **3** | **3** |

## VII. КАДРОВКСИ ПОТРЕБИ НА ЕДИНИЦАТА ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА

Со споредување на потребите за ресурси со вистинскиот број на внатрешни ревизори во ЕВР произлегува дека ЕВР има потреба од зголемување на бројот на внатрешни ревизори за исполнување на целите на овој Стратешки план.

Обемот на стратешкиот план е прилагоден на кадровските капацитети на Одделението за внатрешна ревизија. Единствено пополнето работно место во Одделението за внатрешна ревизија е Помлад соработник - внатрешен ревизор.

## VIII. АЖУРИРАЊЕ НА СТРАТЕШКИОТ ПЛАН И ВРСКИТЕ СО ГОДИШНИОТ ПЛАН

Стратешкиот план се прегледува и ажурира секоја година со што би ги одразил релевантните промени до кои се доаѓа во целите, приоритетите и активностите на општина Кавадарци и резултатите на спроведените проценки на ризикот.

По завршувањето на третата година за периодот опфатен со овој Стратешки план, внатрешна ревизија ќе ја повтори сеопфатната проценка на ризикот.

Градоначалникот на општина Кавадарци ја одобрува секоја промена на Стратешкиот план.

Стратешкиот план е почетна основа за изготвување на Годишниот план за внатрешна ревизија.

## IX. ЗАКЛУЧОК

Сите планирани активности во рамките на овој Стратешки план на единицата за внатрешна ревизија во општина Кавадарци за периодот од 2021-2023 година ќе овозможат насочување на Одделението за внатрешна ревизија кон остварување на определените цели.

Целите на Одделението за внатрешна ревизија се утврдени врз основа на реална проценка на ризиците согласно Ревизорскиот универзум и водат кон воспоставување и зајакнување на ефикасен и ефективен систем на внатрешна контрола.

За да се остварат поставените цели во овој стратешки план потребна е континуирана обука на внатрешниот ревизор од сите области кои можат да бидат предмет на ревизија како и обезбедување на материјално технички средства за работа.

Датум: 15.12.2020 година

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА
ПОМЛАД СОРАБОТНИК
ВНАТРЕШЕН РЕВИЗОР
Симона Нацева

__________________________________

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
М-р Митко Јанчев

______________________________